| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРА - ПРОШИРУВАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ДРЖАВНИОТ ПАТ Р2234, ДЕЛНИЦА "КОНДОВО – РАДУША – ЈЕГУНОВЦЕ" |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ дооел Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Кирил Цеков, диа<br>Овластување бр.0.0544 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | ул. Бојмија бр. 4, Skopje 1000<br>e-mail: arhitektura@primaing.com.mk |

**Основни податоци за планскиот документ**

**Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)**

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура - проширување и подобрување на безбедноста на сообраќајот на државниот пат Р2234, делница "Кондово – Радуша – Јегуновце", е изработен согласно со: член 58, став 6 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 32/2020, 111/23, 171/2024, 224/2024, 40/2025, 101/2025, 127/2025 и 134/2026) и член 58 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 225/2020, 219/2021, 104/2022, 99/2023, 7/2025, 143/2025, 241/2025, 30/2026 и 87/2026).

Согласно член 59, став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ број 225/2020, 219/2021, 104/2022, 99/2023, 7/2025, 143/2025, 241/2025, 30/2026 и 87/2026), урбанистичкиот проект е планско-проектна документација која структурално се состои од плански и проектен дел.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура - проширување и подобрување на безбедноста на сообраќајот на државниот пат Р2234, делница "Кондово – Радуша – Јегуновце", во Општина Сарај е изготвен врз основа на: Условите за планирање на просторот за линиска инфраструктура – проширување и подобрување на безбедноста на сообраќајот на државниот пат Р2234 - делница "Кондово – Радуша - Јегуновце", КО Долно Свиларе, КО Горно Свиларе и КО Рашче вон Град, Општина Сарај, издадени од Агенција за планирање на просторот со тех. број Y00325 од Јануари 2025; и Решение бр. 15-188/2 од 28.01.2025 година од МЖСПП.

**Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?**

| | |
|---|---|
| Да X | Не |

**Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?**

Предметниот плански опфат досега не бил опфатен со важечки урбанистички план, урбанистичко-планска документација или општ акт.

**Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.**

ДА – транспорт.

**Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка: 7 | Алинеја: 2 |

**Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

- Да, Основен проект за проширување и подобрување на безбедноста на сообраќајот на државниот пат Р2234, делница "Кондово – Радуша – Јегуновце".

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Да, Проектниот опфат на предметниот урбанистички проект започнува од излезот на село Свиларе, почетна стационажа км 0+000.000 и се развива во источен правец по постојната траса на државниот пат Р2234 се до крајна стационажа км 3+319.980. Проектниот опфат се протега низ катастарските општини, КО Долно Свиларе, КО Горно Свиларе, КО Рашче вон град, општина Сарај. Границата на проектниот опфат зафаќа површина од **П=99 843.09м²** **(9.98ха)**. Должината на проектниот опфат изнесува cca 3 337.21м¹ и се совпаѓа со должината на сегмент од постојната траса на државниот пат Р2234, делница „Кондово – Радуша – Јегуновце", на кој се предвидува проширување и подобрување на геометриските карактеристики на попречниот профил на патот.

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

| |
|---|
| Овој патен правец има посебно сообраќајно и стопанско значење во патната мрежа на Р.Северна Македонија поврзувајќи ја Западна Северна Македонија со главниот град Скопје И Скопската агломерација, и е пат со меѓународно значење поврзувајќи се со државни патишта кои водат надвор од границите на Северна Македонија. |
| **Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)** |
| Планирање на просторот со цел подобрување на транспортот. |
| **Периодот за донесување на планскиот документ.** |
| 2026 година. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| |
| **Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)** |
| Проектниот опфат на предметниот урбанистички проект се однесува на сегмент од постојната траса на државниот пат Р2234, делница “Кондово – Радуша – Јегуновце”.Проектниот опфат на предметниот урбанистички проект започнува од излезот на село Свиларе, почетна стационажа км 0+000.000 и се развива во источен правец по постојната траса на државниот пат Р2234 се до крајна стационажа км 3+319.980. Проектниот опфат се протега низ катастарските општини, КО Долно Свиларе, КО Горно Свиларе, КО Рашче вон град, општина Сарај. Проектниот опфат на урбанистичкиот проект се наоѓа вон опфат на урбанистички планови, вклучително и надвор од опфатот на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (2012-2022). Границата на проектниот опфат зафаќа површина од **П=99 843.09м² (9.98ха)**.<br>Должината на проектниот опфат изнесува сса **3 337.21м¹** и се совпаѓа со должината на сегмент од постојната траса на државниот пат Р2234, делница „Кондово – Радуша – Јегуновце“, на кој се предвидува проширување и подобрување на геометриските карактеристики на попречниот профил на патот.<br>Во сливот на р. Вардар (од изворот до вливот на р. Пчиња, без р. Треска) регистрирани се 19 извори од кои најзначаен е изворот Рашче со штедрост Qср/год=4,15м³/сек. Од изворот Рашче се водоснабдуваат градот Скопје и приградските населби во регионот.<br>За заштита на извориштето Рашче донесена е “Одлука за определување на заштитни зони за заштита на водозафатниот објект извор “Рашче”, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни зони и картографски приказ” (сл.весник на РСМ бр.3/21), каде се дефинирани четири заштитни зони:<br>▪ Прва потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор);<br>▪ Прва поширока заштитна зона;<br>▪ Втора заштитна зона (зона на санитарно ограничување);<br>▪ Трета заштитна зона (зона на хигиенско епидемиолошко следење и набљудување).<br>Дел од трасата на линиската инфраструктура се наоѓа во втората заштитна зона (зона на санитарно ограничување) на изворот Рашче. Во втората заштитна зона на изворот се забранува:<br>▪ Испуштање на непречистени комунални, индустриски и атмосферски води;<br>▪ Експлоатација (вадење) на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на природните водотеци и активности со кои се продлабочува или оштетува речното корито и бреговите на површинските водотеци, освен во функција на подобрување на режимот на водите и заштита од штетното дејство на водите, со обезбедување на дозвола/водостопанска согласност од надлежен орган;<br>▪ Неконтролиран транспорт на отровни и радиоактивни материи и други опасни материи;<br>▪ Складирање на отровни и радиоактивни материи и други опасни материи;<br>▪ Депонирање, складирање и расфрлање на цврст, градежен, комунален и друг вид на отпад, смет, надвор од организирани и уредени депонии;<br>▪ Депонирање на индустриски, рударски и металуршки отпад;<br>▪ Намалување на горниот заштитен слој на почвата освен при изградба на градежни објекти за кои не е предвидена забрана на овие мерки;<br>▪ Изградба на септички јами, освен водонепропусни септички јами на локации каде не постои инсталирана канализациска мрежа;<br>▪ Изведба на бунари за експлоатација на подземна вода освен: бунари за јавно водоснабдување и бунари за климатизација на објектите со целосно враќање на водата. За изведба на горенаведените бунари потребно е да се обезбеди дозвола од надлежното министерство;<br>▪ Изградба на нови индустриски комплекси кои во технолошките процеси користат опасни |

и штетни материи, а постоечките да ги почитуваат мерките за заштита предвидени со добиените А или Б интегрирани еколошки дозволи;

- Испуштање на непречистени отпадни води во површински водотеци или наводнување на обработливо земјоделско земјиште со истите. Директно испуштање на отпадните води во отворените водотеци се дозволува само откако ќе бидат прочистени, според критериуми за површински водотеци од II класа, согласно критериумите дадени во законските прописи и други плански акти;
- Користење на минерални ѓубрива, пестициди, хербициди, фунгициди и сл;
- Други видови на активности и дејности кои го загрозуваат квалитетот и квантитетот на подземните води.

Низ трасата на линиската инфраструктура поминува постоен водоводен систем. При изработка на документацијата од пониско ниво (основни проекти) да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нејзино непречено функционирање






| |
|---|
| **Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.** |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да<br>Не √ |
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а |

| | |
|---|---|
| кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Со реализацијата на планскиот документ, односно од реализација на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за линиска инфраструктура - проширување и подобрување на безбедноста на сообраќајот на државниот пат Р2234, делница "Кондово – Радуша – Јегуновце", се очекуваат влијанија врз медиумите (почва, вода, воздух) и областите (бучава, отпад, биолошка и пределска разновидност...) на животната средина и тоа во фазата на изградба и во фазата на користење на сообраќајната делница. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Во фазата на изградба влијанијата ќе бидат со голема веројатност на настанување (почва, емисија на издувни гасови од градежната механизација и камионите, бучава и вибрации од машини, комунален, органски и инертен отпад, отпадни води произведени од механизација, визуелни ефекти и сл.), а појава на фугитивна прашина во сушните периоди при градбата. Времетраењето ќе биде во фазата на изградбата на проширувањето.<br>Во оперативната фаза ќе има појава на емисија на издувни гасови од возилата кои ќе се движат по сообраќајницата и ќе има појава на бучава. Времетраењето на влијанието е постојано<br>Овие влијанија се оценуваат како можни, локални, повратни и неповратни, краткорочни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Постојат ризици во фазата на изградба како резултат на евентуални несреќи при градбата, а во фазата на користење на делницата од евентуални сообраќајни несреќи. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Влијанијата најмногу ќе бидат изразени во рамките на градилиштето и непосредната околина за време на изградбата. Во оперативната фаза влијанијата најмногу ќе бидат изразени во рамките на заштитниот појас на сообраќајната делница. Мала популација од с. Долно Свиларе ќе биде засегната бидејќи делницата е проектирана во близина на населеното место. |
| **Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:** | |
| Поволната географската положба и живописното опкружување, добрите микроклиматски услови, отвореноста на просторот кон далечни пространи видици и добрата диспозиција на локалитетот во однос на сообраќајната поврзаност со општината и пошироко со регионот, одат во прилог на идејата за реализација на овој план. Патниот правец ќе овозможи брз, економски, удобен и безбеден сообраќај. Тоа е можност за развој на економијата на државно и локално ниво, можност за развој на туризмот и подобрување на условите за живеење на населението, намалување на миграцијата село – град. | |
| **Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:** | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Согласно со Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за изградба на |

| | |
|---|---|
| | линиска инфраструктура – обиколница на село Свиларе – дел од државниот пат Р2234, делница Кондово – Радуша – Јегуновце, КО Долно Свиларе, Општина Сарај, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.<br>Согласно известувањето од Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за природа, проектниот опфат се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја, вклучувајќи ги и идентификуваните Емералд и Натура 2000 подрачја.<br><br>На подрачјето на катастарската општина Горно Свиларе има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):<br>▪ Археолошки локалитет "Кале", Горно Свиларе, римски период;<br>▪ Археолошки локалитет "Лозов Рид", Горно Свиларе, среден век.<br>На подрачјето на катастарската општина Долно Свиларе има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):<br>▪ Археолошки локалитет "Вели Поле", Долно Свиларе, доцноантички период;<br>▪ Археолошки локалитет "Селиште", Долно Свиларе, римски период.<br>На подрачјето на катастарската општина Рашче има евидентирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):<br>▪ Археолошки локалитет "Врело" (Фера е Штрајкит), Рашче, римски период;<br>▪ Археолошки локалитет "Кале", Рашче, антички период;<br>▪ Археолошки локалитет "Пештерка", Рашче, римски период;<br>Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се следните локалитети:<br>▪ КО Горно Свиларе - Кале, кале од римско и од доцноантичко време;<br>▪ КО Долно Свиларе - Селиште, населба од римско време;<br>▪ КО Рашче: Врело, населба од бронзено време; Долот, осамен наод од римско време; Кале, утврдена населба-градиште од доцноантичко време; Пештерка, населба од римско време; Рашче, осамен наод од доцноантичко време; Црква, могили од римско време.<br>При изработката на планска документација од пониско ниво, потребно е да се утврди точната позиција на утврдените локалитети со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Нема. Непарцелирано земјиште за општа употреба кое |

| | |
|---|---|
| | служи за изградба на улици, плоштади, инфраструктури и други видови површини и градби за општа употреба |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Со реализацијата на планскиот документ, односно, со изградба на обиколницата не се планира да се градат други дополнителни објекти по должината на трасата за кои што ќе биде потребно спроведување на постапка за ОВЖС.

Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Со проектот се предвидува проширување и подобрување на геометриските карактеристики на попречниот профил на патот на овој сегмент, заради негово усогласување со техничките прописи за оваа класа на пат и обезбедување континуитет и еднообразност со веќе рехабилитираната и проширена траса на патот R2234.

За сегментот од државниот пат Р2234 - предмет на урбанистичкиот проект, се предвидува и зајакнување на коловозната конструкција, со решение усогласено со предложеното проширување и подобрување на коловозниот профил.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**

За сегментот од државниот пат Р2234 - предмет на урбанистичкиот проект, се предвидува проширување и подобрување на геометриските карактеристики на попречниот профил на патот, заради негово усогласување со техничките прописи за оваа класа на пат и обезбедување континуитет и еднообразност со веќе рехабилитираната и проширена траса на патот R2234.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Реализацијата на инфраструктурниот проект ќе има влијанија врз медиумите и областите на животната средина во фазата на изградба и во фазата на користење на сегментот на државниот пат Р2234. Овие влијанија главно ќе бидат изразени врз почвата (пренамена на земјоделско земјиште во градежно) и врз воздухот (во фазата на изградба-како резултат на појава на прашина од работата на градежната механизација и движење на транспортните возила, како и појава на емисија на издувни гасови од механизацијата и возилата, и во фазата на користење на на државниот пат Р2234-емисија на издувни гасови од возилата кои ќе го користат). Не се очекуваат значителни влијанија врз површински и подземни води. Во фазата на изградба се очекува создавање на градежен отпад. Ќе дојде до појава на бучава и во фазата на изградба и во фазата на користење на обиколницата. Можна е појава на проблеми

со експропријација на земјиштето. Особено ќе има позитивно влијание во однос на намалување на влијанијата врз квалитетот на воздухот, како и влијанијата од бучавата во населените места низ кои што сега поминува патниот правец Р2234. Со тоа истовремено ќе се намали сообраќајниот метеж и можноста за случување на сообраќајни несреќи.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Опфатот на проектот за инфраструктура за патниот правец е разгледуван во планска документација од повисоко ниво – Просторниот план на РМ. Исто така, планирање на просторот се врши врз основа на Условите за планирање на просторот изготвени од Агенцијата за планирање на просторот, а во согласност со Просторниот план на РМ.

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Опфатот не бил разгледуван во друг плански документ и за истиот нема претходно спроведено стратегиска оцена.

**Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**

Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

За ваков вид на проектни активности според Уредбата за изменување на уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина ("Сл.Весник на РМ" бр 36/2012), односно, согласно поглавје XI – инфраструктурни проекти, точка 14. Изградба на автопати и магистрални патишта, се изработува Елаборат за заштита на животна средина.

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Александар Николоски |
| Бр. 67-4543/6<br>Датум: 19. 08. 2026 година<br>Место: Скопје | М.П. |